РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 01-762/3
15.5. 2023 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија

Скопје, мај 2023 година

Врз основа на член 47 став 2 и член 50 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19), а во врска со член 6 став 1 точка 3, член 8, 8-а, 8-б, 8-в, 8-г, 8-д, член 13 став 1 алинеја 6 и 9 и член 20 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18) и член 22 од Правилникот за внатрешна организација на Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, бр. 01-1592/1 од 17.11.2021 година и бр. 01-2036/1 од 9.11.2022 в. д. директорот на Бирото за развој на образованието донесе

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставниците и стручните соработници) во основните и средните училишта во Република Северна Македонија

**Член 1**

Во Правилникот за избор и акредитација на програми за обуки и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во основните и средните училишта во Република Македонија бр. 01-260/2 од 3.2.2022 година во членот 3 став 2 бројот „25“ се заменува со бројот „15“.

**Член 2**

Во членот 5 точка 1 став 1 алинеја 2 зборот „промет“ се заменува со зборот „приход“.

Во членот 5 точка 1 став 1 алинејата 4 се менува и гласи: „- изјава од понудувачот дека ќе обезбеди соодветно опремени простории во кои ќе ги спроведува обуките, со наставни помагала за современа реализација на обуките, “.

Во членот 5 точка 1 став 1 алинеја 5 по зборот „листа“ се додаваат зборовите „и CV“.

Алинејата 10 се брише.

**Член 3**

Во членот 13 став 1 алинеја 1 зборот „седум“ се заменува со зборот „десет работни“.

**Член 4**

Во Прилог 2 од правилникот во образецот „КАТАЛОГ – ВЕРЗИЈА“ во вториот ред по зборовите „Изведувач на обуката„ се додава „(назив на понудувачот и информации за контакт)“.

**Член 5**

Во Прилог 10 од Правилникот во Дел II насловот „Техничка и финансиска понуда“ се менува и гласи: „Финансиска понуда“.

**Член 6**

Во Прилог 11 од Правилникот под табелата се додава „Забелешка: Овој образец се однесува на еднодневна обука. Доколку обуката се реализира во повеќе денови, тогаш се додаваат дополнителни колони за потпис за секој ден од обуката.“

Член 7

Во Прилог 12 од Правилникот во став 1 точка 1 потточка 2 зборот „објаснение“ се заменува со зборот „доказ“.

По потточката 2 се додава нова потточка 3 која гласи:

„ бројот на учесниците на обуките според родова структура“.

Во точка 4 зборот „јазик“ се заменува со зборот „јазикот“.

Член 8

Во Прилог 13 од Правилникот на крајот се додава: „Забелешка: овој образец се користи само доколку нема обезбеден список на наставници/стручни соработници за учество на одредена обука пред нејзиното одржување или доколку нема електронско пријавување на наставниците/стручните соработници пред одржување на обуката“.

Член 9

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 01-762/3

15-5- 2023 година

В.Д. ДИРЕКТОР

Зекирија Хасипи